Проект "**Зајакнување на самоорганизацијата на земјоделците во создавање и управување со мали системи за наводнување**"

EU for Empowering Farmers in Small-Scale Irrigation Systems

На 2 февруари 2026 год. започна со имплементација проектот "**Зајакнување на самоорганизацијата на земјоделците во создавање и управување со мали системи за наводнување**".

Главната цел на истиот е да се озелени, обнови и модернизира економијата на Северна Македонија преку зајакнување на отпорноста, одржливоста и конкурентноста на земјоделскиот сектор во согласност со практиките на ЕУ и приоритетите на „Зелениот договор". Проектот има за цел да ги зајакне капацитетите на групите на земјоделци и задругите во Северна Македонија за одржливо користење и управување со мали системи за наводнување и притоа обезбедувајќи дека институционалните и правните рамки го поддржуваат партиципативното управување со наводнувањето (PIM) во согласност со најдобрите практики на ЕУ и acquis-от на ЕУ за земјоделството и водите.

Дополнително, ќе се постигне зајакнување на капацитетите на групите на земјоделци и кооперативите во Северна Македонија за одржливо користење и управување со мали системи за наводнување, при што се обезбедува институционален и законски рамки кои овозможуваат партиципативно управување со наводнувањето во согласност со најдобрите практики на ЕУ и acquis во земјоделството и водите. Се фокусира на подрачја каде што постои изразен интерес и потенцијал за зајакнување на управувањето со наводнување предводено од земјоделците.

Во фокусот се подрачјата каде што постои изразен интерес и потенцијал за зајакнување на управувањето со наводнување предводено од земјоделците. Како приоритетни области идентификувани се следниве локации : Чаушица, Пишица, Теарце, Конопница, Ранковце, Сопот и Новаци. Овие области нудат можности за пилотирање и зајакнување на пристапите за партиципативно управување со наводнувањето, подобрување на техничкиот и организацискиот капацитет на земјоделците и задругите и за зголемување на одржливоста и ефикасноста на малите системи за наводнување.

Проектот е финансиран од Европската унија – во рамките на Инструментот за претпристапна помош (ИПА III 2021) со вредност од 570.000 €, го спроведува NTU International во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) и А.Д Водостопанство, и е со времетраењето од 24 месеци.

Република Северна Македонија

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство